# Службен гласник
## на Општина Валандово

Број 03 | 02.04.2025, среда

www.valandovo.gov.mk

**С О Д Р Ж И Н А**

**Совет на Општина Валандово:**


**1.Решение** за објавување на Одлука за одобрување финансиска помош на семејствата на настраданите во несреќата во Кочани........................................................... 2

**2.Одлука** за одобрување финансиска помош на семејствата на настраданите во несреќата во Кочани........ 2

**3.Решение** за објавување на Одлука за измена на Завршна сметка на Буџетот на Општина Валандово за 2024 година..................................................................................... 2

**4.Одлука** за измена на Завршна сметка на Буџетот на Општина Валандово за 2024 година.................................. 2

**5.Решение** за објавување на Одлука за одобрување средства на ЈОУ Дом на култура „25-ти Мај" Валандово за реализација на уметничко авторско дело-мурал................. 4

**6.Одлука** за одобрување средства на ЈОУ Дом на култура „25-ти Мај" Валандово за реализација на уметничко авторско дело-мурал........................................................... 4

**7.Решение** за објавување на Одлука за утврдување на висината на комуналните такси........................................... 4

**8.Одлука** за утврдување на висината на комуналните такси..................................................................................... 4

**9.Решение** за објавување на Одлука за одобрување на финансиска поддршка на КУД „Младост" с.Јосифово за реализација на програмски активности и учество на Меѓународен фолклорен фестивал.................................... 5

**10.Одлука** за одобрување на финансиска поддршка на КУД „Младост" с.Јосифово за реализација на програмски активности и учество на Меѓународен фолклорен фестивал.............................................................................. 6

**11.Решение** за објавување на Одлука за одобрување на финансиска поддршка на КУД „Гоце Делчев" Валандово за реализација на програмски активности.............................. 6

**12.Одлука** за одобрување на финансиска поддршка на КУД „Гоце Делчев" Валандово за реализација на програмски активности........................................................................... 6

**13.Решение** за објавување на Одлука за одобрување на финансиска поддршка на Здружение на граѓани за музичка на образба „Полифонија Стрингс" с.Јосифово, Валандово за реализација на програмски активности и учество на Меѓународен фестивал на мандолински оркестри.............. 7

**14.Одлука** за одобрување на финансиска поддршка на Здружение на граѓани за музичка на образба „Полифонија Стрингс" с.Јосифово, Валандово за реализација на програмски активности и учество на Меѓународен фестивал на мандолински оркестри.................................................... 7

**15.Решение** за објавување на Одлука за финансиска поддршка на Здружение за развој на културата, спортот, уметноста и заштита на животната средина „Валандовска Бојмија" за реализација на културна манифестација.......... 7

**16.Одлука** за финансиска поддршка на Здружение за развој на културата, спортот, уметноста и заштита на животната средина „Валандовска Бојмија" за реализација на културна манифестација................................................. 7

**17.Решение** за објавување на Заклучок за давање согласност на измена на годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2025 година............................... 8

**18.Заклучок** за давање согласност на измена на годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2025 година..................................................................................... 8

**19.Решение** за објавување на Програма за измена на програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година............. 8
**20.Програма** за измена на програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година....................................................................... 8

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за одобрување финансиска помош на семејствата на настраданите во несреќата во Кочани**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за одобрување финансиска помош на семејствата на настраданите во несреќата во Кочани, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 28.03.2025 година.

Бр.09-442/2 Градоначалник
02.04.2025 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024) и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 28.03.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување финасиска помош на семејствата на настраданите во несреќата во Кочани**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат средства во нето износ од 500.000,00 денари, финасиска помош на Општина Валандово наменета за помош на семејствата на настраданите во несреќата во Кочани.

**Член 2**

Исплатата на одобрените средства да се изврши на сметката за Фондот на солидарноста на Црвениот крст на РСМ, број на сметка 300000001327966, даночен број 4030984271620 депонент Комерцијална банка АД Скопје со назнака: помош за настраданите граѓани во пожарот во Кочани, од програма АО-Совет на општина, подставка 464990 - останати трансфери.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-48/2 Совет на Општина Валандово
28.03.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за измена на Завршна сметка на Буџетот на Општина Валандово за 2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за измена на Завршна сметка на Буџетот на Општина Валандово за 2024 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 28.03.2025 година.

Бр.09-442/3 Градоначалник
02.04.2025 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 33 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.61/2004, 96/2004, 22/2007; 67/2007, 156/2009, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на РСМ" бр.244/19, 82/20; 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" 202/2024 ) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 28.03.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена на Завршна сметка на Буџетот на Општина Валандово за 2024 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на Завршната сметка на Буџетот на Општина Валандово за 2024 година бр.08-36/2 од 27.02.2025 година и тоа:

- **Текстот од член 1 :**

"Вкупниот износ на планираните и остварените приходи и расходи во 2024 година изнесуваат:

| | | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|---|
| I. | **Вкупни приходи** | **302.764.000** | **290.298.850** |
| Даночни приходи | | 41.031.663 | 46.447.630 |
| Неданочни приходи | | 14.952.266 | 7.928.521 |
| Капитални приходи | | 9.750.000 | 6.889.450 |
| Приходи од дотации | | 188.445.000 | 184.964.580 |
| Трансфери | | 43.338.071 | 43.120.816 |
| Донации | | 5.247.000 | 947.853 |
| Кредити | | 0 | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| II. | **Вкупни расходи** | **321.587.000** | **302.344.136** |
| Утврдени намени | | 321.287.000 | 302.217.637 |
| Резерви | | 300.000 | 126.499 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| III. | **Дефицит/Суфицит** | **18.823.000** | **12.045.286** |
| IV. | **Финансирање** | **18.823.000** | **12.045.286** |
| **Прилив** | | **18.823.000** | **12.045.286** |
| - Домашно задолжување | | | 0 |
| - Странски заем | | | 0 |
| - Депозит | | 18.823.000 | 12.045.286 |

**Одлив**

- отплата на главнина 0”

**Се заменува со текстот :**

“Вкупниот износ на планираните и остварените приходи и расходи во 2024 година изнесуваат:

| | | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|---|
| I. | **Вкупни приходи** | **300.716.000** | **289.353.474** |
| Даночни приходи | | 41.031.663 | 46.447.630 |
| Неданочни приходи | | 14.952.266 | 7.928.521 |
| Капитални приходи | | 9.750.000 | 6.889.450 |
| Приходи од дотации | | 186.397.000 | 184.019.204 |
| Трансфери | | 43.338.071 | 43.120.816 |
| Донации | | 5.247.000 | 947.853 |
| Кредити | | 0 | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| II. | **Вкупни расходи** | **321.587.000** | **302.344.136** |
| Утврдени намени | | 321.287.000 | 302.217.637 |
| Резерви | | 300.000 | 126.499 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| III. | **Дефицит** | **-20.871.929** | **-12.990.662** |
| IV. | **Финансирање** | **20.871.000** | **12.990.662** |
| **Прилив** | | **20.871.000** | **12.990.662** |
| - Домашно задолжување | | | 0 |
| - Странски заем | | | 0 |
| - Депозит | | 20.871.000 | 12.990.662 |

**Одлив**

- отплата на главнина 0”

**Текстот од член 2 :**

“Салдото на сите сметки на Буџетот на Општина Валандово на 31.12.2024 година изнесува:

- **Салдо на 31.12.2024 година** **6.670.004** денари

| | |
|---|---|
| Салдо Основен буџет | 4.345.208 денари |
| Салдо Буџет на дотации | 1.106.077 денари |
| Салдо Буџет на самофинансирачки активности | 653.045 денари |
| Салдо Буџет на донации | 565.674 денари |

Салдото на Основен буџет на 31.12.2024 година во износ од 4.345.208 денари се пренесува како прилив на Основен буџет на Општина Валандово за 2025 година.

Салдото на Буџет на дотации на 31.12.2024 година, во износ од 1.106.077 денари, се пренесува како прилив на Буџет на дотации на Општина Валандово за 2025 година.

Салдото на Буџет на самофинансирачки активности на 31.12.2024 година, во износ од 653.045 денари, се пренесува како прилив на Буџет на самофинансирачки активности на Општина Валандово за 2025 година.

Салдото на Буџет на донации на 31.12.2024 година, во износ од 565.674 денари, се пренесува како прилив на Буџет на донации на Општина Валандово за 2025 година.”

**Се заменува со текстот :**

“Салдото на сите сметки на Буџетот на Општина Валандово на 31.12.2024 година изнесува:

- **Салдо на 31.12.2024 година** **6.670.058** денари

| | |
|---|---|
| Салдо Основен буџет | 4.345.208 денари |
| Салдо Буџет на дотации | 1.106.077 денари |
| Салдо Буџет на самофинансирачки активности | 653.045 денари |
| Салдо Буџет на донации | 565.728 денари |

Салдото на Основен буџет на 31.12.2024 година во износ од 4.345.208 денари се пренесува како прилив на Основен буџет на Општина Валандово за 2025 година.

Салдото на Буџет на дотации на 31.12.2024 година, во износ од 1.106.077 денари, се пренесува како прилив на Буџет на дотации на Општина Валандово за 2025 година.

Салдото на Буџет на самофинансирачки активности на 31.12.2024 година, во износ од 653.045 денари, се пренесува како прилив на Буџет на самофинансирачки активности на Општина Валандово за 2025 година.

Салдото на Буџет на донации на 31.12.2024 година, во износ од 565.728 денари, се пренесува како прилив на Буџет на донации на Општина Валандово за 2025 година.”

**Член 2**

Останатите одредби од Одлуката остануваат непроменети.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-48/3 Совет на Општина Валандово
28.03.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за одобрување средства на ЈОУ Дом на култура „25-ти Мај” Валандово за реализација на уметничко авторско дело-мурал**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за одобрување средства на ЈОУ Дом на култура „25-ти Мај” Валандово за реализација на уметничко авторско дело-мурал, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 28.03.2025 година.

Бр.09-442/4 Градоначалник
02.04.2025 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и четвртата редовна седница одржана на ден 28.03.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување средства на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово за реализација на на уметничко авторско дело-мурал**

**Член 1**

Со оваа Одлука, од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат средства во износ од 600.000,00 денари, на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово, за реализација на уметничко авторско дело-мурал во внатрешните простории на Дом на културата „25-ти Мај“ во Валандово.

**Член 2**

Предметното уметничко дело наведено во член 1 на оваа Одлука ќе биде авторското дело на Костадин Танчев – Динка а ќе се состои од ѕидни мурали на културно-музички дејци кој дале посебен придонес во развојот и афирмацијата на валандовската култура и музика.

**Член 3**

Одобрените средства од точка 1 на оваа Одлука наменети за целосна реализација на проектот како и за сите негови тековни трошоци, да се исплатат од програма К4 културни манифестации и творештво, ставка 464 - други трансфери, на сметка на самофинансирачки активности на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово 708010922978713 програма К2, приходно конто 725939.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-48/4 Совет на Општина Валандово
28.03.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за утврдување на висината на комуналните такси**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за утврдување на висината на комуналните такси, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 28.03.2025 година.

Бр.09-442/7 Градоначалник
02.04.2025 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 2 од Законот за комуналните такси („Службен весник на РМ“ бр.62/2004; 64/2004; 92/2007; 123/2012; 154/2015; 192/2015; 23/2016 и „Службен весник на РСМ“ бр. 154/2020 и 151/2021), член 36 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 28.03.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на висината на комуналните такси**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Валандово ја утврдува висината на комуналните такси што се плаќаат за користење на определени права, предмети и услуги од јавен интерес од локално значење од страна на правните и физичките лица кои вршат дејност и од граѓаните.

**Член 2**

Комуналните такси од член 1 од оваа Одлука се плаќаат според следните тарифни броеви:

износ во денари

Тарифен број 1

За фирма, односно назив на:

а) деловните простории на физичките лица кои вршат дејност ..........................................................................2.000

б) деловните простории на физичките лица кои вршат дејност, а данокот го плаќаат во паушален износ.................................................................................500

в) деловните простории на трговските друштва и другите правни лица од областа на производството, прометот и услугите, освен за продавници, киосци, деловни единици и слично за кои таксата изнесува 2.000............................6.000

- деловни простории на правни лица од комуналните дејности..........................................................................3.000
- деловни простории на трговските друштва и другите правни лица, како и на откупните пунктови кои дејствуваат повремено......................................................................3.000

Тарифен број 2

За користење на површини во кампови, за подигање на шатори и друга слична привремена употреба - дневно..................................................................................20

Тарифен број 3

За користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност од м2 дневно...................................................................................8

Тарифен број 4

За истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места се плаќа такса и тоа:

- до седум дена................................................................ 800
- до 30 дена.....................................................................1.300
- до една година..............................................................1.600

Тарифен број 5

За користење на музика во јавни локали:

- годишно....................................................................... 6.700

Тарифен број 6

За поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории се плаќа такса годишно и тоа:

- за физички лица кои вршат дејност……………………………………………………..........1.300
- за правните лица од областа на производството, прометот и услугите…….............................................. 2.700

Тарифен број 7

За користењето на плоштадите и друг простор во градовите и другите населени места со цел за изложување на предмети, приредување изложби и забавни приредби за вршење на дејност, се плаќа такса за заземена површина од м2 дневно 3 денари.

Тарифен број 8

За користење на просторот за паркирање на патнички моторни возила, товарни моторни возила, автобуси и приколки на јавни паркиралишта се наплаќа комунална такса во висина од 20% од цената на наплатената услуга за користење на просторот за паркирање.

Тарифен број 9

За користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли и тоа:
- за патнички возила до 1000 кубика……………………………………………………...........70
- за патнички возила од 1000 до 1300 кубика…….............100
- за патнички возила од 1300 до 1500 кубика………….....130
- за патнички возила од 1500 до 1800 кубика………….....400
- за патнички возила над 1800 кубика……….....................600
- за товарни возила по тон носивост..…………….............130
- за автобуси и други возила што служат за превоз на патници……………………...................................................700
- за специјални возила……………...........………….........70
- за сите видови мотоцикли…………….…..……….........70

**Член 3**

Со денот на влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси бр.08-61/4 од 21.12.2005 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

| | |
|---|---|
| Бр.08-48/7 | Совет на Општина Валандово |
| 28.03.2025 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за одобрување на финансиска поддршка на КУД „Младост" с.Јосифово за реализација на програмски активности и учество на Меѓународен фолклорен фестивал**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за одобрување на финансиска поддршка на КУД „Младост" с.Јосифово за реализација на програмски активности и учество на Меѓународен фолклорен фестивал, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 28.03.2025 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-442/8 | Градоначалник |
| 02.04.2025 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 и "Сл.Весник на РСМ" бр.202/24), и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и четвртата редовна седница одржана на ден 28.03.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за одобрување финансиска поддршка на КУД „МЛАДОСТ" с.Јосифово за реализација на програмски активности и учество на Меѓународен фолклорен фестивал**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат средства во износ од 90.000,00 денари, на КУД „МЛАДОСТ" с.Јосифово, Валандово за реализација на програмските активности и учество на Меѓународен фолклорен фестивал „Мар Hoytag Uluslararasi" во Измит, Кочаели, Република Турција..

**Член 2**

Исплатата на средствата да се изврши од програма АО-Совет на општина, подставка 463190 - Останати трансфери до невладини организации, на сметка на КУД „МЛАДОСТ" с.Јосифово ЕДБ 4003991100591, број на сметка 200000004651336, депонент Стопанска банка АД Скопје.

**Член 3**

Корисникот е должен, одобрените средства, наменски да ги употреби и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација да достави финансиски извештај со фотокопија од документацијата за намената за која се искористени.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-48/8 | Совет на Општина Валандово |
| 28.03.2025 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за одобрување на финансиска поддршка на КУД „Гоце Делчев" Валандово за реализација на програмски активности**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за одобрување на финансиска поддршка на КУД „Гоце Делчев" Валандово за реализација на програмски активности, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 28.03.2025 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-442/9 | Градоначалник |
| 02.04.2025 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 и "Сл.Весник на РСМ" бр.202/24), и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и четвртата редовна седница одржана на ден 28.03.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за одобрување на финансиска поддршка на КУД „Гоце Делчев" Валандово за реализација на програмски активности**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат средства во износ од 90.000,00 денари, на КУД „Гоце Делчев" Валандово, за реализација на програмски активности.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа Одлука да се исплатат од програма К4 – Културни манифестации и творештво, подставка 464990 - останати трансфери на КУД „Гоце Делчев" Валандово со ЕДБ: 4003986102284 на трансакциска сметка бр.200000003002627 депонент Стопанска банка АД Скопје.

**Член 3**

Корисникот е должен, одобрените средства, наменски да ги употреби и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација да достави финснсиски извештај со фотокопија од документацијата за намената за која се искористени.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-48/9 Совет на Општина Валандово
28.03.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за одобрување на финансиска поддршка на Здружение на граѓани за музичка на образба „Полифонија Стрингс" с.Јосифово, Валандово за реализација на програмски активности и учество на Меѓународен фестивал на мандолински оркестри**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за одобрување на финансиска поддршка на Здружение на граѓани за музичка на образба „Полифонија Стрингс" с.Јосифово, Валандово за реализација на програмски активности и учество на Меѓународен фестивал на мандолински оркестри, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 28.03.2025 година.

Бр.09-442/10 Градоначалник
02.04.2025 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 и "Сл.Весник на РСМ" бр.202/24), и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и четвртата редовна седница одржана на ден 28.03.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за одобрување финансиска поддршка на Здружение на граѓани за музичка наобразба „Полифонија Стрингс" с.Јосифово, Валандово за реализација на програмски активности и учество на Меѓународен фестивал на мадолински оркестри**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат средства во нето износ од 90.000 денари, финансиска помош на Здружение на граѓани за музичка наобразба „Полифонија Стрингс" с.Јосифово, Валандово, за реализација на програмски активности и учество на Меѓународниот фестивал на мандолински оркестри во Анкара – Труција.

**Член 2**

Исплатата на одобрените средства да се изврши од Програма АО-Совет на општина, подставка 463110 – трансфери до здруженија на граѓани и фондации,, на Здружение на граѓани за музичка наобразба „Полифонија Стрингс" с.Јосифово, Валандово со ЕДБ 4003023504832, на трансакциска сметка 210077188370195 депонент НЛБ Банка АД Скопје,

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-48/10 Совет на Општина Валандово
28.03.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за финансиска поддршка на Здружение за развој на културата, спортот, уметноста и заштита на животната средина „Валандовска Бојмија" за реализација на културна манифестација**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за финансиска поддршка на Здружение за развој на културата, спортот, уметноста и заштита на животната средина „Валандовска Бојмија" за реализација на културна манифестација, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 28.03.2025 година.

Бр.09-442/11 Градоначалник
02.04.2025 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 и "Службен весник на РСМ" бр.202/2024), и член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на чатириесет и четвртата редовна седница одржана на ден 28.03.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за одобрување финансиска поддршка на Здружение за развој на културата, спортот, уметноста и заштита на животната средина „Валандовска Бојмија" за реализација на културна манифестација**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат средства во нето износ од 15.000 денари, финансиска поддршка на Здружение за развој на културата, спортот, уметноста и заштита на животната средина „Валандовска Бојмија" за реализација на културна манифестација по повод празникот „Св.Сава".

**Член 2**

Исплатата на одобрените средства да се изврши од програма АО-Совет на општина, подставка 463110 – трансфери до здруженија на граѓани и фондации, на сметка на корисникот со ЕДБ 4043023535268, бр. 200004075261477 депонент Стопанска Банка АД Скопје;

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-48/11 Совет на Општина Валандово
28.03.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучок за давање согласност на измена на годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за давање согласност на измена на годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2025 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на четириесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 28.03.2025 година.

Бр.09-442/5 Градоначалник
02.04.2025 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на РСМ“ бр.143/19, 14/20 и 208/24), член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и “Службен весник на РСМ” 202/24) и член 45 и 48, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на четириесет и четвртата редовна седница одржана на ден 28.03.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на измената на годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2025 година**

**1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Измената на годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2025 година, бр.01-410/1 од 21.03.2025 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-48/5 Совет на Општина Валандово
28.03.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за измена на програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програма за измена на програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 28.03.2025 година.

Бр.09-442/6 Градоначалник
02.04.2025 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа за член 95 од Законот за градежно земјиште (“Службен весник на РМ” бр. 15/15, 98/15, 193/15,226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и “Службен весник на РСМ” бр. 275/19, 101/21, 153/23, 61/24, 224/2024, 233/2024), член 22 став 1 точка 1 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02 и “Службен весник на РСМ” бр.202/24), член 15 став 1 точка 1, член 21 став 1 точка 8 и член 62 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и четвртата редовна седница, одржана на 28.03.2025 година донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година**

**Член 1**

Во програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година во точка 9, став 2, зборовите „алинеја 1 и 2“ се бришат.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“

Бр.08-48/6 Совет на Општина Валандово
28.03.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---